**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

## за IX одделение

**Скопје, 2024 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Англиски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IX (деветто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ● ***Мојот микро свет: јас, семејство, пријатели***<br>● ***Мојот макро свет: населба, град, држава***<br>● ***Наше образование, наша иднина***<br>● ***Опитество и животна средина*** |
| **Број на часови** | 3 часа неделно / 108 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ● Компјутер (таблет), печатач, проектор, табла (интерактивна табла), постер.<br>● Фотографии, слики, предмети, флеш карти, стикери.<br>● Материјал за изработка на картички/а, честитки/а, хартија(во боја), хамер, ножици, лепак, блокови и прибор |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕТКС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени четиригодишни студии на студиската програма македонски и англиски јазик (со стекнат стручен назив професор по македонски и англиски јазик), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA  според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA  според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA  според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Користење други јазици*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| | |
| II-А.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-А.2 | да ја извлече главната поента во јасни, едноставни пораки, соопштенија, упатства, молби и сл.; |
| II-А.3 | да прочита и разбере едноставни текстови од различни видови, на позната и помалку позната тематика, соодветни на возраста; |
| II-А.4 | да најде конкретни информации во текстови во реални материјали (како на пример, реклами, проспекти, упатства, брошури, менија, возни редови и сл.) и да разбере куси едноставни пораки, со цел да се снајде во едноставни ситуации; |
| II-А.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-А.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |

| | |
|---|---|
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |
| II-A.10 | да изрази и аргументира чувство и мислење во врска со нешта од непосреден интерес; |
| II-A11 | да користи низа од искази и реченици за да напише порака, писмо, белешка, разгледница и да опише со едноставни зборови нешта од непосреден интерес. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура*** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: **МОЈОТ МИКРО СВЕТ: ЈАС, СЕМЕЈСТВО, ПРИЈАТЕЛИ**
Вкупно часови: **27**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

- слуша и разбира јасно артикулиран стандарден говор во секојдневен разговор и/или дискусија која вклучува детален опис на луѓе и нивни меѓусебни релации, опис на просторот и предметите во домот, како и опис на спорт и спортски активности;
- зборува и активно учествува во разговор и/или дискутира на теми поврзани со пријатели, семејство, лични интереси и слободни активности формулирајќи реченици во *Present Simple Tense, Present Continuous Tense* и *Present Perfect Tense*;
- чита и разбира текстови и лични писма со конкретна содржина на теми поврзани со семејството, пријателите, интересите и слободното време кои содржат описни придавки, и определен број идиоми и фразеолошки изрази;
- пишува лично писмо и/или детален опис на (позната) личност и/или спортска активност.

<table>
<tr><th>Содржини (и поими):</th><th>Стандарди за оценување:</th></tr>
<tr><td>а) Јазични функции:
<ul>
<li>разликување повторливи дејства и факти наспроти дејства кои се случуваат во моментот на зборување/пишување или дејства во блиско минато</li>
<li>дискутирање во група со цел поттикнување на соговорник да се вклучи во разговорот/дискусијата барајќи потврда/согласување</li>
<li>начини на извинување (формално и неформално)</li>
<li>опишување луѓе преку давање опис на карактерот, чувствата, облеката, обувките, накитот и додатоците кои ги носат</li>
<li>изразување релации поврзани со членови во семејството и со пријателите</li>
</ul></td>
<td><ul>
<li>Прави разлика помеѓу искажување навика или дејство што се случува во моментот на зборување наспроти искажување животно искуство или дејство кое штотуку завршило.</li>
<li>Користи јазични опавчиња во разговор/дискусија за да поттикне соговорник да се вклучи во разговорот/дискусијата и да искаже свое мислење и/или лично искуство.</li>
<li>Разликува и соодветно применува готови фрази и реченични модели за формално и неформално извинување.</li>
<li>Поврзува повеќе реченици во низа за детално да опише нечиј физички изглед и карактерни особини користејќи широк спектар на описни придавки.</li>
<li>Користи усвоен вокабулар за да опише меѓусебни човечки релации.</li>
</ul></td></tr>
</table>

DRAFT

| | |
|---|---|
| • опишување на просторот и предметите во домот и домаќинството<br>• опишување спорт и потребна спортска опрема<br>• составува лично писмо | • Составува (писмено и усно) реченици во *Present Simple Tense, Present Continuous Tense* и *Present Perfect Tense* за детално да го опише домот.<br>• Применува соодветен вокабулар при опис на разни видови спорт и спортски активности/настани.<br>• Препознава и анализира основна структура на лично писмо составено од три куси пасуса.<br>• Поврзува три куси пасуса[1] во целина за да состави лично писмо со примена на соодветни правописни правила. |

[1] Кус пасус - две до три реченици поврзани во мисловна целина



DRAFT

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>● семејство, пријатели и меѓусебни релации: *extended / immediate family, relative, grandchildren, friendship, besties, enemies, leadership, lover, married, divorced, widow/er, partner, relationship, single*<br>● идиоми поврзани со семејството и меѓусебни семејни релации: *blood is thicker than water, like father like son, spitting image of somebody, black sheep, flesh and blood, big brother*<br>● идиоми поврзани со пријателството: *two peas in a pod, to get on like a house on fire, to build bridges, through thick and thin, a shoulder to cry on, a friend in need is a friend indeed, to bury the hatchet, birds of a feather; cast in the same mould*<br>● поими за опишување на просторот и предметите во домот и домаќинството:<br>*- parts of a house/apartment: entrance, quest room, laundry room, wine cellar, porch, ceiling*<br>*- things in a house/apartment: rocking chair, loveseat, (central) heating, nightstand, lantern, ironing board, blinds, magazine holder*<br>*- household items: housing, a fitted sheet, cutlery, coffeemaker, kettle, sweeping brush, ashtray, clothes peg, soap dispenser, ice scooper*<br>● облека, обувки, накит и додатоци:<br>*- clothes and shoes: underwear, stockings, polo shirt, bathrobe, track suit, suit, swimming trunks, waistcoat, flip flops, high heels, wellington boots; rainproof coat*<br>*- jewellery and accessories: earrings, handbag, necklace, pocket, button, sunglasses, zipper, safety pin, bow tie, pocket watch*<br>● видови спорт (летни и зимски спортски активности) и спортска опрема:<br>*- sports: cave diving, chess, parachuting, paragliding,* | ● Разликува значење на широк спектар зборови со кои се означуваат меѓусебни човечки релации.<br>● Препознава значење на одреден број зачестени идиоми кои опишуваат меѓусебни човечки релации и соодветно ги користи во контекст.<br>● Користи новоусвоени идиоми за да опише пријателска врска.<br>● Применува широк спектар на именки вклучувајќи и сложени именки при опис на домот и домаќинството.<br>● Детално опишува нечиј надворешен изглед составувајќи реченици кои содржат описни придавки, сложени именки и именски фрази.<br>● Поврзува именки кои означуваат спортска опрема со соодветен спорт и ги применува во контекст при опис на конкретна спортска активност.<br>● Составува реченици со зачестени фразеолошки изрази при опис на конкретен спорт и спортска активност/настан.<br>● Разликува формални и неформални фрази за извинување и правилно ги користи во соодветен контекст.<br>● Препознава значење на мал број основни поими поврзани со знаковен јазик. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| *cricket, baseball*<br>*- sport equipment: bench, biking, bike trail, corner flag, gloves, prize, puck, red/yellow card, referee, umpire, shuttlecock, tactics board, trophy, net*<br>● фразеолошки изрази со спорт: *score a goal, support a team, set e record /break a record, get a medal, win the World Cup/ win the tournament / win the set, play extra time, penalty shootout, play for the national team, coach a team*<br>● фрази за извинување: *sorry, apologise for, beg a pardon, I apologise for being late / I'm sorry I'm late*<br>● поими поврзани со знаковен јазик: *talking hands, sign language, mime* | |
| в) Граматички структури:<br>● увежбување на помошните глаголи *(be, do, have)* за сегашни времиња преку контрастирање *(Present Simple Tense , Present Continuous Tense u Present Perfect Tense)*<br>● увежбување на сегашни времиња преку контрастирање (споредување и разликување) *(Present* | ● Препознава, разликува и правилно применува различни помошни глаголи за соодветно сегашно време во даден контекст.<br>● Анализира и споредува форма и употреба на реченици во различно сегашно време.<br>● Идентификува и разликува употреба на различни форми на членот согласно именката која се членува и дадениот контекст.<br>● Користи соодветен помошен глагол во точна форма за да состави јазично опавче во разговор/дискусија. |

| | |
|---|---|
| *Simple Tense, Present Continuous Tense и Present Perfect Tense)*<br>● увежбување на членување именки:<br>- определен член (*the)*<br>- неопределен член *(a, an)*<br>- испуштање на членот *(Zero Article)*<br>● увежбување на јазични опавчиња (*Question Tags*)<br>● форма и употреба на пасивни конструкции во *Present Simple Tense (*за сите лица во еднина и множина)<br>● прилози и основни прилошки фрази за *Present Perfect Tense (ever, never, already, just, yet, since 2020, for 5 years)*<br>● описни придавки кои се однесуваат на облека, луѓе и чувства:<br>- *clothes: elegant, stylish, patterned, timeless, trendy, baggy, casual, loose, fashionable*<br>- *people: attractive, cool, exciting, fair, good-looking, hip, strong, thin, well-known*<br>- *feelings/emotions: frightened, lonesome, pleasant, courageous, embarrassed*<br>● зборообразување на придавки со наставките *(- able/ -ible, -(i)ous, -al, -ful): sociable, lovable, reliable, responsible, flexible, ambitious, generous, serious, educational, personal, logical, careful, successful, helpful*<br>● фразални глаголи со основа од глаголот *fall* (*fall apart, fall back, fall into, fall out, fall over, fall through*) | ● Идентификува и анализира основна реченична структура со пасивна конструкција во *Present Simple Tense*.<br>● Препознава прилози и основни прилошки фрази за време соодветни за *Present Perfect Tense* и правилно ги применува во реченица.<br>● Користи соодветно сегашно време (*Present Simple Tense, Present Continuous Tense* и *Present Perfect Tense*) и соодветни прилози/прилошки определби за да постави/одговори на прашања во разговор/дискусија.<br>● Составува реченици користејќи широк спектар на придавки за опис на облека, луѓе и чувства.<br>● Препознава определен број типични наставки за формирање придавки од именки и/или глаголи и идентификува нови придавки во даден контекст.<br>● Препознава форма на фразални глаголи и разликува значење на одреден број зачестени фразални глаголи со основа од глаголот *fall*. |
| г) Содржини за дискусија:<br>● идентификување лични емоции и чувства во дадени (позитивни и негативни) ситуации<br>● штетни последици од верување во непроверени | ● Идентификува тема на разговор според клучни зборови, фрази и изрази, како и тон на соговорник за да препознае чувство/ став на соговорник. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| информации<br>● искажување лично мислење/став/препорака на тема омилен спорт/спортски клуб/спортист<br>● Меѓународен ден на знаковниот јазик - 23 септември (*23rd September as the International Day of Sign Languages*) | ● Дискутира за последиците кои произлегуваат од лажни вести/ често среќавани дезинформации / невистини.<br>● Користи усвоен вокабулар за да искаже лично мислење/став/ препорака на теми поврзани со омилен спорт/спортски клуб/спортист.<br>● Зборува за важноста на познавање знаковен јазик заради инклузија на лицата кои се соочуваат со предизвици во секојдневната комуникација. |

**Примери на активности:**

- *Multiple Choice Exercise* – На интерактивна табла се активира вежба на која од учениците се бара да ги пополнат празните места во реченициите избирајќи ја правилната форма на *Present Simple*, *Present Continuous* или *Present Perfect* со цел увежбување на разликата помеѓу искажување навика или дејство што се случува во моментот на зборување наспроти искажување животни искуства или дејство кое штотуку завршило. На пр. *What ______ you _____ (think) about? Is everything OK? (<u>are you thinking</u> /you are thinking); She ______ (already see) the movie 3 times. (<u>has already seen</u> /is already seeing).*

- *Do you know your classmates?* – Учениците добиваат наставен лист со реченици, на пр. ______ *isn't afraid of spiders;* _____ *can play football really well;* ______ *plays a musical instrument;* До секоја реченица го запишуваат името на својот соученик за кого сметаат дека најмногу одговара дадената изјава. Потоа меѓусебно поставуваат прашања со соодветни јазични опавчиња за да проверат дали изјавите во нивниот наставен лист се точни или не. На пр. *You aren't afraid of spiders, are you?; You haven't been to the cinema this week, have you?*

- *Apologies* – Се започнува дискусија со прашања од типот *What makes you angry?; Who has been getting on your nerves lately?; Have you ever purposely did something to drive someone crazy?; Describe the last time someone got an attitude with you?; What are the elements of an effective apology?; Do you think always apologising is good or bad? Why?;* за да разговорот се насочи кон кои фрази и модели за формално и неформално извинување треба да ги користиме во различни ситуации. На пр. *I'm sorry about the mess.; It's my fault. I shouldn't have done that. Sorry, I'll never do it again.; We apologise for the late departure of the London train.*

- *Guess who* – Учениците наизменично се обидуваат да ја опишат познатата личност преку давање опис на карактерот, чувствата, облеката, обувките, накитот и додатоците кои тој/таа ги носи на сликата која ќе го извлечат случајно, а другите се обидуваат да ја погодат личноста. На пр. *They are twins. They're both 25. They're exactly the same! They're both tall and thin. They've both got short, brown hair, green eyes and big ears! I think they're cute and intelligent. - Dylan and Cole Sprouse.*

- *Describing photos* - Во дадено време од една минута од учениците поделени во парови се бара во нивните тетратки да набројат што е можно повеќе зборови поврзани со членовите на семејството за потоа да се отвори кратка дискусија со прашањата: *What makes you who you are?; What information can a DNA test give you?; What can genealogy tell you about?; What does a family tree show you?;* и на крај секој ученик да сподели информација за своето семејство на сликата што ја држи пред себе. На пр. *Look! This is my dad and this is my uncle building a treehouse for me, my siblings and my cousins.*

- *Home sweet home* - На табла се лепат слики на различни куќи и се отвора кратка дискусија со прашањата: *Which home would be better for a family?; Which home would you prefer to live in?; Which do you think is more important: the house or the neighbourhood?; Do you agree with the saying 'Home is where the heart is'?;* за потоа од учениците да се бара да си замислат дека се познат архитект во нивниот град и во своите тетратки да ги опишат просторот и предметите во најновата куќа што ја изградиле и за која 'сите зборуваат'. На пр. *It's a cozy cottage with a red roof and white walls. The front door opens to a spacious living room with a fireplace that crackles on cold nights. The kitchen is bright and cheerful with yellow curtains and blue tiles. The bedroom is my favorite place to relax. …*

- *Guess my sport* – На претходно изготвен наставен лист учениците прво наброените спортови ги делат на спортови што се изведуваат на отворено и спортови кои се изведуваат на затворено, а потоа спортот го поврзуваат со соодветната опрема (на пр. *karate – kimono; ice hockey – knee-pads*), за на крај во парови да напишат загатки (даваат опис) за различни спортови, со цел нивните соученици да го погодат името. На пр. *I need a good strong wind to go fast. I need a sail. I do this sport on the sea or maybe on a lake. I am windsurfing*.

- *Thank you note* - На интерактивна табла се споделуваат примери на писма за благодарност. Се истакнуваат деловите што ги содржат таквите писма: воведен дел - соодветен поздрав (пр. *Dear Sally … Dear Nana and Grampy …*), главен дел – зошто се заблагодаруваш (пр. *Thank you for the … I loved the …*), завршен дел (пр. *Again, thanks so much for the …*) Потоа од учениците се бара да напишат писмо во кое ќе се заблагодарат за добиениот подарок, билет за концерт или карта за спортски натпревар.

- *Family races* – Учениците работат во парови. Еден/една ученик/-чка добива картички со зборови, кои означуваат членови на семејството. Откако ќе го прочита зборот прикажан на картичката, ученикот/-чката има за задача да го запише на грбот на другиот/другата ученик/-чка од парот со помош на својот прст. Другиот/другата ученик/-чка треба да го погоди точниот збор и истиот да го запише во својата тетратка. Учениците во секој пар наизменично се менуваат со цел да ги научат и увежбаат зборовите поврзани со членовите на семејството.

- *Match the idioms to their meanings* - Учениците најнапред ги поврзуваат идиомите со соодветните дефиниции, а потоа со истите ги дополнуваат дадените реченици. На пр. *like father, like son = behaves like his father; spitting image of somebody = look very similar; black sheep = has done something bad that brings embarrassment or shame to his or her family; Dan is really kind and always gives his*

*seat up for a lady. Like father, like son. Mary is the spitting image of her mum. He was the black sheep of his family always getting in trouble.*

- *Idiom Charades* – Учениците во нивните групи добиваат картички со идиоми поврзани со пријателство. Играат „Charades", односно еден извлекува картичка и се обидува да го одглуми идиомот употребувајќи мимики и раце, а другите во групата се обидуваат да го погодат идиомот. А потоа со истите составуваат реченици. На пр. *My brother and I are two peas in a pod. We both like the same things.; She offered me a shoulder to cry on when I failed my exam.*

- *Describing pictures* – Учениците во парови внимателно ја опишуваат својата слика еден на друг при што применуваат широк спектар на именки вклучувајќи и сложени именки при опис на домот и домаќинството. На пр. *There is a bed on the left side of the room and there is a stuffed toy on the bed. Next to the bed there is a small table with a lamp on it. Across the bed on the other side of the room there is a TV. There is a small bookshelf and a rocking chair next to the window.*

- *Best fashion moments* - На интерактивна табла се активира кратко видео од црвениот тепих на „*The Oscars*" за да се отвори дискусија околу гламурозноста на овој настан. Од учениците се бара да состават реченици во кои што подетално ќе ги опишат своите омилени ѕвезди, обрнувајќи внимание особено на нивниот надворешен изглед. На пр. *Blake Lively wore a colourful pastel gown—which she accessorized with white wide hoops and a series of beaded bracelets.*

- *Nothing but sports* – Се поставува прашање *How many sports can you think of?* и одговорите се пишуваат на табла. Потоа од учениците се бара од наброените спортови да изберат два и да набројат сличности и разлики меѓу нив, за најпосле до името на секој спорт на табла учениците да ја залепат картичката со соодветна спортска опрема.

- *Ready, Steady, Go!* – На споделениот наставен лист учениците прво ги поврзуваат фразеолошките изрази со нивното значење, а потоа ги препишуваат дадените реченици во нивните тетратки користејќи ги соодветните изрази. На пр. *His first goal was scored direct from a free kick. = gain a goal; He broke the record for the high jump. = perform better than anyone else*

- *Apology Letter* - На табла се истакнуваат некои зачестени фрази за извинување како: *sorry, apologise for, beg a pardon, I apologise for being late / I'm sorry I'm late*; за да се поттикне бура на идеи околу причините зошто извинувањето е толку важно и како тоа им помага на младите. Потоа учениците пишуваат писма за извинување за некој измислен инцидент. На пр. *I'm really sorry that I lost your book. I realize I should have been more careful because you trusted me with it and I know you love your "How to train your dragon" books. I'm going to the bookshop tomorrow to buy you a new copy. Will you forgive me?*

- *Let's communicate!* - Учениците следат презентација со основните знаци за комуникација со помош на знаковен јазик. Потоа, учениците работат во парови, така што едниот ученик го користи знаковниот јазик, а другиот ученик треба да го именува дадениот збор. На пр. *Hello. Bye. Thank you.*

- *Be-do-have* - Учениците го заокружуваат точниот одговор во дадените реченици со цел увежбување на помошните глаголи (be, do, have) за сегашни времиња преку контрастирање. На пр. *I ___ breakfast right now. Can you call a little later? (cook-<u>am cooking</u>-have cooked); So far, he ___ five stories for children. (writes-is writing-<u>has written</u>); Maria is good at languages. She ___ French, Spanish and German. (<u>speaks</u>-is speaking-has spoken).*

- *Present Simple vs Present Continuous vs Present Perfect* - На интерактивна табла се активира вежба на која учениците траба да ги пополнат празните места во речениците со соодветната форма на глаголот во заграда. На пр. *I heard she <u>works</u> at the Skopje Philharmonic Orchestra. (to work); She <u>is working</u> on the problem. (to work); Since 1975 she <u>has worked</u> on Italian television. (to work)*

- *Articles race* – Учениците во парови се натпреваруваат кој прв ќе ги пополни речениците на наставниот лист со соодветниот член. На пр. *She's <u>an</u> English teacher at <u>the</u> best school in London. I've never been to <u>Ø</u> China, but I've been to <u>the</u> United States.*

- *It's true, isn't it?* – Учениците на своите наставни листови прво ги комплетираат јазичните опавчиња (*Question Tags*) поврзани со нивниот соученик, а потоа си ги поставуваат прашањата еден на друг за да ги потврдат напишаните изјави. На пр. *You can ride a bicycle, can't you? You don't like going to parties, do you?*

- *Hotel inspection* – Учениците на претходно изготвениот наставен лист ги препишуваат речениците за дневната рутина на хотелскиот персонал со пасивни конструкции во *Present Simple Tense*. На пр. *Hotel housekeepers clean the bathrooms. – The bathrooms are cleaned. Hotel housekeepers replace dirty towels with clean towels. – Dirty towels are replaced with clean towels.*

- *My experiences* – Учениците пишуваат реченици за нивните животни искуства, при што користат прилози и основни прилошки фрази за Present Perfect Tense. На пр. *I've never done bungee-jumping. I'd like to try it one day; I've been living in Skopje since 2010; I've known her for 5 years*;

- *Describe and draw* - Учениците во парови користејќи описни придавки кои се однесуваат на облека, луѓе и чувства се обидуваат да ја опишат личноста од претходно споделени слики на уметнички ѕвезди без да ја/го именуваат, а нивниот партнер се обидува да ја/го нацрта истата. Готовите слики се лепат на табла и секој се обидува да ја препознае личноста на сликата. На пр. *He's wearing grey baggy pants, a green trendy hoodie and fashionable shoes. He's thin and very cool. He doesn't talk to much. He's shy.*

- *Adjective suffixes* - Учениците прво ги пишуваат наставките до нивното значење, а потоа ги употребуваат во дадените реченици. На пр. *able to be = -able/-ible, His story was believable. This is impossible.; of the kind of = -al, It was a magical evening.; having/full of = -(i)ous, Bananas are a nutritious food.*

- *Phrasal verb fall* - Учениците ги дополнуваат празните места во речениците со соодветните честички. На пр. *This book is falling apart. I have to buy a new one; He left home after falling out with his parents; The football game fell through because of rain.*

- *Acrostic love* - Се започнува дискусија со прашањата: *How do you feel right now? How did you feel five minutes ago? Why did you feel that way? How do you usually feel when you get up in the mornings? How do you usually feel when you have an exam? What kinds of things make you feel nervous? What can you do to make yourself feel relaxed?* за да се дојде до заклучок дека е во ред да имаме различни емоции при различни ситуации; битно е да знаеме како, и да можеме да се справиме со истите. На табла прво се набројуваат придавки што означуваат емоции (*cheerful, angry, shy, happy, brave, tired, ...*), а потоа од учениците се бара да напишат кратки поеми (*acrostic poems*) за емоцијата што моментално ја чувствуваат.

- *Health misinformation, to trust or not to trust* – Со учениците се отвора дискусија околу опасностите од дезинформациите за здравјето и потребата да се разбере зошто се шират и што може да направиме околу тоа. На табла се наведуваат некои вообичаени митови за вакцините, како: нивната наводна поврзаност со аутизмот, вакцината *COVID-19* води до неплодност, тие се медицински непотребни за заштита од болести, итн. Потоа разговорот се насочува кон изобилство на дезинформации на социјалните мрежи, за на крај се оставаат учениците поделени во групи да истражат на популарните социјални мрежи и направат презентација на дезинформации околу диетите и нарушувањата во исхраната и зошто не треба да им веруваме и да ги земеме здраво за готово ваквите вести.

- *Healthy body, healthy mind* – Се започнува дискусија со прашањата *What do you do to keep fit? Do you enjoy watching major sports events like the Olympics or the football World Cup? Why?/Why not? Which is your favourite sport? Why?* за да се истакне важноста на спортот за правилниот развојот на телото. Потоа во мали групи учениците изработуваат постери со слики и пораки поврзани со нивни омилен спорт, кои се истакнуваат на ѕид во училницата.

- *International Day of Sign Languages* - Со учениците се споделува краток видео запис кој прикажува лица од различни возрасти на различни места како користат знаковен јазик при меѓусебна комуникација. Се отвора дискусија со прашањата: *What language are these people using? Do you know anyone that uses this language? Why is sign language important? What can you do to help anyone who is hearing impaired or hard of hearing?* за да се дојде до заклучок дека знаковниот јазик е значаен за сите во општеството и треба да биде општоприфатен како јазик на општеството. На табла се запишува датумот 23 септември и се укажува на неговата важност. Потоа, учениците во мали групи вежбаат некој основен знаковен јазик како *How are you, Yes, No, Please, Thank you*.

- **примери за читање со разбирање и/или зборување:**

*One of my besties bought me this turtleneck.*
*She lived with her partner in a small flat overlooking the Brooklyn Bridge.*
*The party prospered under the leadership of this young woman!*
*They got divorced after only six months of marriage.*
*He was a widower with four young children; his wife died 12 months ago.*
*Prince Harry was seen as the black sheep in the British royal family for marrying the actress, Megan Markle.*
*Jemma is the spitting image of her granny at the same age. She has even inherited her granny's red hair.*
*My brother and I are two peas in a pod. We both like the same things.*
*After not speaking to each other for years, the two brothers decided to bury the hatchet.*
*I bet you'll like Tony. You two are birds of a feather. You have the same personalities, and I think you are just right on the same wavelength.*
*A: This student's dorm is amazing. There is a large laundry room, a game room, and a computer room with vending machines on each floor. The central heating is included in the boarding fee.*
*B: I know! It also has a coffeemaker, an ironing board, oversized bathtubs, and internet access in every room.*
*When he landed in London, it was pouring rain. Luckily, he had time before the shops closed to buy himself a pair of Wellington boots, and a rainproof coat.*
*Clowns sometimes use an oversizeд bow tie for its comic effect.*
*Jim treasured the gold pocket watch that his grandfather had given him.*
*My zipper was stuck, and the material around it ripped as I pulled on it.*
*Different forms of gliding, including hang gliding and paragliding, are gaining popularity both as competitive and spectator sports.*
*The baseball players anxiously awaited the verdict of the umpire. He was standing right behind the catcher and watching the whole thing.*
*England have enjoyed one happy ending from a penalty shootout, against Spain at Wembley.*
*They batted the shuttlecock back and forth across the net a few times.*
*Tennis is played in points: four points win a game, six games win a set, and two or three sets win a match.*
*Oh, I beg your pardon. I thought you said 15 pence, not 50.*
*Sorry, Maya, I didn't mean to frighten you.*
*I'm so sorry, but I have to cancel my reservation.*
*In this game, each player has to mime the title of a movie, play or book.*
*Her son used sign language to tell her what happened at the playground.*

*The grass looks wet. Has it been raining?*
*I know, I'm really red. I've been running!*
*She's read ten books this summer.*

To: mel@email.com

Hi Mel,

How are you, what are you doing at the moment?

Well, as for me, I'm sitting in Mario's café and I'm drinking a strawberry milkshake. This café makes the best milkshakes in town! Have you tried them? So many different flavours. If you haven't tasted any of them so far, I strongly recommend it.

To tell you the truth, I often come here after school with my friend Sally. In fact, I'm waiting for her now. She's always late, and I've been waiting for her for almost an hour. I don't understand why!

Anyway, can I borrow your geography textbook? I need it for that test next week. I can't find mine.

Oh, Sally is coming into the café now. Finally!

Bye, see you later!
Dan

You're tired, aren't you? Yes, a little.
Sarah doesn't know Ann, does she? No, I believe they've never met.
Kate has been to China before, hasn't she? Yes, two or three times.
You weren't listening to a word I said, were you? Yes, I was!

A: Good morning. Please take …a… seat. I'll be with you in …a…. moment. Now, how can I help you?
B: Could you help us to find …a.. hotel in …/…. London, please?
A: Yes, of course. Would you like …a.. hotel in the city centre?
B: Yes, if possible.
A: OK, how about …the…. Hotel Stella? They've got some rooms free.
B: Is it near …an…. underground station?
A: Yes, it is. It's about five minutes' walk from ……/…. Marble Arch station. And it's very close to …/……. Hyde Park. It's one of ……the…. nicest hotels in London.
B: Great. Can you ask if they have …a…. double room for three nights? And can you check ……the…. price?

DRAFT

*A: Yes, sure. I'm afraid …/…. hotels in London are really expensive. A lot of ……/…. people think that London's …the…. most expensive city for …/…. tourists in …the……. world.*
*B: Yes, …the…. hotel that we stayed in last year cost over £200 a night!*
*A: Right, I've booked it for you. When you come out of …the……. underground station, go along ……/…. Edgware Road for about 200 metres and it's on ……the…. right, opposite ……the…. cinema.*
*B: Brilliant. Thanks very much.*

*This silk scarf is the perfect accessory for stylish summer evenings.*
*Everyone went to work. The house grew quiet and lonesome.*
*These women were strong, resourceful and courageous.*
*I was embarrassed by his comments about my clothes. Maybe I cannot afford to wear expensive brands, but I am always clean and decent.*

***Emotions, emotions, emotions! Let's get loud about it!***

*When it comes to teenagers, emotions are very important. What do they need to express their emotions? Exercise? A long bath? Rest? Healthy food? What do they need from another person they can trust? A hug, words of encouragement, or a shoulder (all without judgement) can be very healing. Teens, parents, and teachers must learn to allow themselves to be vulnerable enough to reach out for emotional support and to practice self-acceptance while still remaining open to change.*

*Here are numerous appropriate techniques teens can use to express their feelings:*
- *Teens can write about their feelings.*
- *Teens can express their feelings through art.*
- *Music helps many teens both realise and express their feelings.*
- *Physical activity can be productive in helping teens release their feelings.*
- *Crying is very beneficial at times; teens should know it's okay to cry.*
- *Talking and processing emotions with someone trusted can be helpful for both releasing feelings and gaining perspective.*
- *Sometimes teens need to take some pressure off of themselves and "just be." This should be allowed and encouraged, by the family and their teachers!*

***If you don't trust vaccines - you don't trust science!***

***Immunizations can save your lives**. Because of progress in medicine, we can be protected against more diseases than ever before. Some diseases that once killed thousands of children are now gone because of safe and effective vaccines. Polio is such an example. In the past,*

*in the USA alone, it caused thousands of deaths and paralyses across the country. But today, thanks to vaccination, there are no reports of polio in the United States.*
*Vaccination is very safe and effective. Vaccines are only given to children after a long and careful analysis by the scientists, doctors, and professionals. Vaccines may cause pain or redness at the site of injection, but this is minimal. The benefits of getting vaccines are much greater than the possible side effects.*
*Immunisation protects others you care about. Vaccines protect your entire family, but also, they help prevent the spread of diseases to your friends and loved ones.*
*Immunisation protects future generations. Vaccines have eliminated many diseases that killed or disabled people just a few generations ago. For example, smallpox vaccination destroyed the disease worldwide. If we continue vaccinating now, and vaccinating completely, parents in the future may be able to trust that some diseases of today will no longer be around to harm their children in the future.*

***My favourite sportsperson, my hero!***

*My favourite sportsperson is Leo Messi. He's a famous football player, and some would say he's the best football player in the world. He started his career in Argentina, where he was born, but moved to Barcelona, in Spain, when he was a teenager. He had a disability, for which the Spanish team agreed to pay his medical bills. Despite his health problems, Messi developed into a modern legend. He has won numerous trophies over the course of his career, including five "world footballer of the year" awards – which is a world record. I remember first hearing about him about ten years ago, when he was first making headlines. His life story caught my attention just as much as his incredible skills. I admire him because of his triumph over adversity. I think that his inspiring story of perseverance is a lesson for us all.*

***International Sign Languages Day - the famous people who knew and used the sign languages!***

*The German pianist Ludwig Van Beethoven is famous deaf person. Beethoven started losing his hearing at age of 26. He produced some of his greatest classical masterpieces, such as Moonlight Sonata, the Fifth Symphony, the Ninth Symphony, and Fur Elise when he was 52 years old and completely deaf.*

*Motion picture, phonograph, the light bulb – these are just some of the works of American inventor Thomas Edison. He started losing his hearing when he was still a child and believed to be completely deaf when he was a teenager. He used his deafness to focus on his various projects. One of his greatest inventions was the light bulb, and the electric power generating system to provide electricity to factories, businesses and homes. But he said his favourite was the phonograph, which took him 52 years to finish.*

*Helen Keller was a writer, political activist and educator. The illness she contracted when she was only 18 months old made her mute, deaf and blind. She developed a simple form of sign language so she could communicate. Anne Sullivan, a friend of hers, taught her fingerspelling*

DRAFT

| |
|---|
| *and other different ways to communicate. She was the first deaf/blind person to receive a Bachelor of Arts degree and later became a writer and global communicator. She worked tirelessly to support blind people around the world, including the blinded soldiers and war veterans.* |

| Тема: **МОЈОТ МАКРО СВЕТ: НАСЕЛБА, ГРАД, ДРЖАВА**<br>Вкупно часови: **27** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. слуша и разбира автентични упатства за снаоѓање во просторот и користење јавен превоз;<br>2. чита, разбира и извлекува потребна информација од текстови, летоци, брошури, ознаки и известувања на јавни места, како ресторани, кина, театри, музеи, забавни паркови, туристички локации и други знаменитости и обележја;<br>3. зборува и учествува во дискусија за посетени/туристички места и култура на друга земја, и искажува мислење/став;<br>4. пишува приказна и/или прераскажува прочитан мит и/или опишува минат настан од секојдневниот живот. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br>• раскажување минати настани<br>• разликување минати определени дејства и настани наспроти минати неопределени дејства и настани<br>• опишување посетувани места (за одмор и забава во слободното време) поврзани со патувања / туризам<br>• опишување на национални/традиционални јадења во различни земји<br>• искажување мислење за посетено место, прочитана литературна творба и литературни жанрови<br>• составување/пишување приказна | • Поврзува повеќе реченици во низа за да прераскаже настан користејќи соодветно минато време *(Past Simple Tense* или *Past Continuous Tense).*<br>• Разликува употреба на *Past Simple Tense* и *Present Perfect Tense* и соодветно ги користи во контекст.<br>• Составува реченици користејќи зачестени колокации, одреден број идиоми и (фразеолошки) изрази поврзани со патување, туризам, забава и одмор и ги поврзува во низа за да опише посетено/туристичко место и место за одмор, забава и рекреација.<br>• Користи готови фрази за искажување мислење/став за посетено место, прочитана литературна творба и литературни жанрови.<br>• Применува соодветни колокации при опис на традиционални кујни на различни земји и користи соодветни правописни правила при именување на национални специјалитети.<br>• Поврзува три куси пасуса во целина применувајќи соодветни правописни правила за да состави приказна и/или прераскаже прочитан/слушнат мит и/или за да опише минат настан од секојдневниот живот. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>● посетувани места за одмор и забава во слободното време: *nightclub, spa centre, disco, theme park/amusement park, beach, fitness centre, massage studio, harbour, waterpark, fast food place, restaurant, candy shop, food court, climbing stadium (rock climbing park), paintballing, kart racing or karting*<br>● идиоми поврзани со забава и одмор: *take a break, recharge your batteries, chill out, have a blast, let your hair down, enjoy your time, have fun*<br>● колокации поврзани со опишување на посетени/туристички места: *fully accessible, stunning view, cosmopolitan city, touristy, medieval architecture, lively, picturesque region, modern buildings*<br>● колокации и изрази поврзани со патување: *arrival time, departure, economy/business class, final destination, platform, gate, to book tickets, stopover, catch a train/ a bus, fast track*<br>● земји и националности: *Austria/Austrian, Brazil/Brazilian, Canada/Canadian, China/ Chinese, Finland/Finnish, France/French, Greece/Greek, Hungary/Hungarian, Ireland/Irish, Italy/Italian, Portugal/Portuguese, Scotland/Scottish, Spain/Spanish, Turkey/Turkish*<br>● национални/традиционални јадења: *American hamburger, British fish and chips, Chinese fried rice, Greek gyro, Hungarian goulash, Italian pizza,* | ● Разликува значење на широк спектар зборови и колокации кои означуваат места за одмор, забава и релаксација.<br>● Препознава значење на одреден број идиоми поврзани со забава и одмор и соодветно ги користи во контекст.<br>● Поврзува придавка со соодветна именка за да состави зачестени колокации поврзани со патување и опис на туристички места и соодветно ги користи во писмен и устен контекст.<br>● Користи зачестени колокации и изрази поврзани со патување и опис на туристички места во говорен и пишан дискурс.<br>● Именува голем број земји и националности и користи соодветно правописно правило при нивна употреба во пишан дискурс.<br>● Поврзува земји со нивни традиционални јадења и составува (писмено и усно) колокации од придавка и именка користејќи соодветно правописно правило.<br>● Објаснува значење на одреден број усвоени идиоми за земји и националности.<br>● Опишува карактеристики на митолошки и надмоќни суштества и соодветно ги именува.<br>● Препознава основни карактеристики на различни литературни видови и форми.<br>● Составува реченици и ги поврзува во низа за да искаже сопствен став/мислење користејќи усвоени фрази.<br>● Препознава значење на клучни зборови и колокации поврзани со основни човекови права и соодветно ги применува во контекст. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| *Japanese sushi rolls, Mexican Tacos, Polish pierogi, Turkish baklava*<br>● идиоми за земји и националности: *it's all Greek to me, pardon my French, Chinese whispers, to go Dutch, Indian summer, to take French leave, talk for England*<br>● митолошки и надмоќни суштества: *chupacabra, demon, dragon, fairy, gnome, goblin, minotaur, myth, one-eyed monster, supernatural, werewolf*<br>● литературни жанрови: *play, poetry, sonnet, short story, biography, adventure story, romantic novel, comic, fairytale, myth, legend*<br>● изрази и фрази за искажување лично мислење поврзано со прочитан текст/литературна творба: *in my opinion, I reckon, if you ask me, to be honest, I think, I don't agree that, I like it because*<br>● клучни зборови/колокации поврзани со основни човекови права: *liberty, personal security, human rights, privacy* | |
